Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 112, 5 ноември 2013 година

ноември 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А


**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област трасфузиологија Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за зизбор на наставник во сите звања од наставно-научната област животна средина на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања од наставно-научната област животна средина на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно - научната област механика на карпи и тлото на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........28

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен вонреден професор во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........34

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област моделирање симулација и анализа на комплексни контролни системи и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........56

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето редовен професор за наставно-научната област физика и физика на кондензирана материја на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........67

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 93

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Улогата на јавниот долг во јавните финансии“ (скрипта) од авторот д-р Стеван Габер, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........117

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Осигурување” од авторите: проф. д-р Ристо Фотов Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип и м-р Катерина Фотова, НЛБ-Тутунска банка ад Скопје ........121

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Проектен менаџмент“ од доц. д-р Мишко Џидров и асс. м-р Емилија Ристова од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........124

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Интернет технологии“ од авторот доц. д-р Наташа Коцеска од Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........126

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........128



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1702-338/5 од 4.11.2013 година, донесена на 64. седница на Наставно-научен совет на Економскиот факултет, одржана на 4.11.2013 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научна област менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- проф. д-р Круме Николоски, вонреден професор - претседател;
- проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор – член;
- проф. д-р Јован Пејковски, редовен професор – член.

Проф. д-р Круме Николоски и проф. д-р Трајко Мицески се вработени на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев'' - Штип, додека проф. д-р Јован Пејковски е вработен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на Економскиот факултет, објавен на 11.7.2013 година во дневните весници „Нова Македонија” и „Лајм”, како и на официјалната веб-страница на УГД, се пријавија следниве кандидати: **д-р Љиљана Конеска, д-р Маргарита Матлиевска, д-р Антоние Оносимоски.**

***Потребни документи за кандидатите:***

1. Пријава;
2. Диплома за одбранет докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
3. Кратка биографија (во четири примероци);
4. Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
5. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок на трудовите во оригинал доколку ги има);
6. Уверение за државјанство.

**Д-р Љиљана Конеска**

***Канидатката ги достави следниве документи:***

1. *Пријава;*
2. Диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски/докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
3. Кратка биографија (во четири примероци);
4. Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
5. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - доколку такви има);
6. Уверение за државјанство;
7. Примероци од сите универзитетски учебници;
8. Рецензии за одбрана на докторски трудови (како ментор);
9. Примерок од докторатот по економски науки;
10. Списание „Репрезент“ каде што е објавена статија за МСС на кадидатката.

***I. Биографски податоци***

**Д-р Љиљана Конеска** е родена на 7 август 1958 година во Скопје. Основно образование завршува во ОУ „Лирија“ и ОУ „Доситеј Обрадовиќ“ во Скопје.

Средно образование завршува во 1977 година, во економското училиште „Моша Пијаде” во Скопје. Во учебната 1977/1978 се запишува на Економскиот факултет, при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде што дипломираше во 1983 година на Финансиско-сметководствена банкарска насока.

Во учебната 1984/1985 година се запишува на постдипломските студии при истиот Универзитет, на отсекот Деловна економија. Магистрира во 1991 година на тема „Граничните трошоци и користење на капацитетот во ПОС Агроплод Ресен”, под менторство на проф. д-р Слободан Марковски.

Во февруари 1999 година успешно ја одбранува докторската дисертација на Институтот за тутун во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски” во Битола на тема „Класификација на трошоците во современата литература и пракса со посебен осврт на тутунската индустрија во Република Македонија”, под менторство на проф. д-р Слободан Марковски, при што се стекнува со научен степен доктор на земјоделски науки.

Во јули 2005 година, успешно ја одбранува докторската дисертација на Економскиот нститутот во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје на тема „Управување со трошоците во фазите на животниот циклус на производот на стопанските субјекти”, под менторство на проф. д-р Биљана Ангелова, при што се стекнува со научен степен доктор на економски науки.

Кандидатката д-р Љиљана Конеска својата работна кариера ја започнува веднаш по дипломирањето како професор по Основи на економско работење во СЕУ Моша Пијаде - Скопје, во период од 1983 до 1985 година.

Во периодот од 1985 до 1988 година работи како кредитен референт во Комерцијална банка АД Скопје во Дирекција за кредитирање на трговија, угостителство и туризам.

Од 1988 до 1998 година е вработена како шеф на сметководство во ВРО „Водостопанство“ - Ресен. Од јули 1998 до февруари 1999 година е вработена како финансиски раководител на Јавното водостопанско препријатие – „Водостопанство“ на РМ во Скопје, додека наредните две години 1999-2001 година е назначена за раководител на инвестиции. Од април 2001 до јули 2005 година работи како заменик-директор на ВРО „Водостопанство Преспанско Езеро“ - Ресен.

Од 2004 година е претседател на ЗГ „Сувенир Преспа“, за кое здружение има изготвено бројни проекти за развој на традиционалното богатство и подобрување на економската состојба на жените стечајци.

Изготвен и реализиран проект „Жената низ народниот вез“ преку ЕКП на Министерството на култура со што се овозможи подобрување на социјалниот и економски статус на невработени лица, преку нивно ангажирање во изработка на македонски ракотворби и нивна продажба на разни манифестации.

Во септември 2005 година е избрана за доцент на Европскиот универзитет на РМ, а од мај 2010 работи како вонреден професор на Европскиот универзитет на РМ – Скопје по група предмети од областа на **банкарски менаџмент** *(Одлука бр. 0310/143-2 од 14.5.2010)*.

***II. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Љиљана Конеска е ангажирана како наставник на повеќе предмети, наставни програми и планови во рамките на Европски универзитет – Скопје.

Во учебната 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 е ангажирана на следните предмети од прв и/или втор циклус студии.

| Назив на предметот: | | Студиска програма |
|---|---|---|
| Деловно планирање | Прв циклус | ФДМ и ММ |
| Управување со производ | Прв циклус | ММ |
| Банкарски сметководствен систем | Прв циклус | ФБДМ |
| Управувачко сметководство | Прв циклус | ФБДМ |
| Банкарски менаџмент | Прв циклус | ФБДМ |

| | | |
|---|---|---|
| Сметководствен систем на ФИ | Втор циклус | ФДМ |
| Менаџмент на трошоци во фармација | Втор цилкус | Здравствен и фармацевтски менаџмент |

Во учебната 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014 година е ангажирана на следните предмети од прв и/или втор циклус студии.

| Назив на предметот: | | Студиска програма |
|---|---|---|
| Деловно планирање | Прв циклус | ФДМ и ММ |
| Производ | Прв циклус | ММ |
| Сметководствен систем на ФИ | Втор циклус | ФДМ |
| Банкарски менаџмент | Втор циклус | ФДМ |
| Менаџмент на трошоци во фармација | Втор цилкус | Здравствен и фармацевтски менаџмент |
| Алокација на ресурси во фармацијата | Втор циклус | Здравствен и фармацевтски менаџмент |
| Управувачко сметководство | Втор циклус | ФДМ |
| Е-бизнис | Втор циклус | ФДМ (петта година) и ММ (четврта година) |

***Список на објавени научни и стручни трудови (печатени);***

***Евалуација на трудот со реден број 1.*** „Безбедносни стандарди и протоколи во финансиските трансакции"-**МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: РЕФОРМИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БОРБАТА ПРОТИВ КРИМИНАЛИТЕТОТ,** организирана од ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНЕ И ПОСЛОВНЕ СТУДИЈЕ – Нови Сад и ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ РМ – Скопје (септември 2012)

Брзиот развој на електронската трговија несомнено создава голема загриженост за безбедност на е-трговијата. Бизнис операторите вклучени во е-трговијата се соочуваат со предизвици во градењето на довербата на потрошувачите и во обезбедувањето на безбедност на мрежата. Важноста се согледува не само од аспект за подобра иднина и успех на е-трговијата, туку подеднакво и за безбеден и сигурен сајт на кој ќе го градат клиентите својот бизнис. За да се реализира прифаќање од клиентите и нивна доверба, потребен е висок степен на контрола, која бара од програмерите и менаџерите проширување на традиционалните начини на внатрешна контрола за согледување на активностите на клиентите, добавувачите и останатите корисници на нивните електронски платформи.

Приватноста, автентикацијата, denial-of-service нападите се три класи на ризик кои особено преовладуваат во електронската трговија. Со користење на соодветна и перманентна контрола се дава простор за можни начини за намалување на ризиците, што секако условува и воспоставување на нов систем на осигурување на услугите во е-трговијата.

Токму трансакциските протоколи се предмет на елаборација на овој труд, со цел да го намалуваат ризикот, да овозможат воспоставување на доверба, а користејќи SET стандарди да се отвори патот за нови можности и песпективи во трговијата.

***Евалуација на трудот по реден број 2.*** „Улогата на буџетирањето и медиумите во промоција на финансиските институции и услуги" **МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО ПРОМОЦИЈАТА НА ПРОИЗВОДИТЕ И УСЛУГИТЕ,** организирана од ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ РМ – Скопје (14-15 јуни 2012)

Маркетинг ориентацијата на финансиските институции подразбира континуирана активност на маркетинг менаџерите во креирање на ефективна промоција, заснована на компатибилност на целите и ресурсите на организацијата. Со оглед дека ресурсите на финансиките институции се ограничени мора да се распоредат на поединечни инструменти на маркетинг миксот на таков начин, кој ќе донесе најдобри резултати и ќе им прижаат

најмногу корист на целните купувачи. Промоцијата претставува клучен инструмент на маркетинг миксот, а изборот на метод за одредување на промотивниот буџет е една од побитните одлуки на секоја организација.

Финансиските институции вложуваат значајни износи на средства за огласување по пат на медиуми за масовна комуникација, при што настојуваат нивната пропагандна порака да ги досегне целните клиенти. Без разлика колку е квалитетна пропагандната порака, таа нема да има позитивен ефект, доколку не биде приметена од страна на аудиториумот за кој е наменета. Поради тоа неопходно е да се познаваат основните карактеристики на медиумите, нивната сила и слабости, од страна на финансиските институции за постигнување на максимални ефекти на огласување.

Одредувањето на маркетинг буџетот, кој ќе биде потрошен за промоција, претставува една од најсложените маркетиншки одлуки. Основните методи кои се користат за планирањето на висината на трошоците на промоцијата се: метод на процент од (планираната или остварена) продажба, арбитрарен метод, метод на конкуренција, метод на цели и задачи. Откако ќе се одреди буџетот за промоција на финансиските институции, потребно е истиот да се распореди по одредени промотивни активности. Една од таквите активности е и изборот на медиум со помош на кој ќе се врши промоција на финансиската институција и нејзините услуги.

***Евалуација на трудот по реден број 3***. „Дизајнот - фактор за успешна промоција на производите на електронските пазар", **МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: УЛОГАТА НА МЕДИУМИТЕ ВО ПРОМОЦИЈАТА НА ПРОИЗВОДИТЕ И УСЛУГИТЕ,** организирана од ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ РМ – Скопје (14-15 јуни 2012)

Познато е дека како резултат на широката употреба и зависност од веб-технологијата, стариот модел на маркетинг и рекламирање е во изумирање; балансот на моќта се пренесува на потрошувачот, кои сакаат да бидат слушнати и да ги споделуваат нивните крити и купувања. Успешните е-трговски сајтови се прошируваат низ светот и го зголемат својот сообраќај и својата продажба.

Бизнис организациите и веб-програмерите треба активно да бараат начини за подобрување на информациите и квалитетот на услугите обезбедени преку вебсајтовите. Е-трговските организации и веб-дизајнерите треба да воспостават услужно ориентиран концепт за претпродажната и попродажната фаза за да се обезбеди висок квалитет на услуга и висок квалитет на информации. Услужно ориентиран концепт има за цел да им служи на клиентите подобро преку сите фази на маркетинг активности.

Особено внимание заслужува и прашањето за користење на сајтот од корисниците кои треба да имаат контрола на онлајн транскацискиот процес.

Веб-дизајнерите треба да изнајдат начин како да ги мотивираат корисниците на вебсајтот да го зголемуваат своето учество, промовирајќи корисничко задоволство и вклучувајќи привлечни карактеристики за да уживаат во *посетата*. Креативноста мора да биде вградена во дизајн процесот, со цел да се добие психолошко задоволство кај клиентите, кога се маркетира на мрежата. Резултатите ја потврдуваат хипотезата за директна врска на дизајнот на системот со успехот на тој систем односно вебсајт.

***Евалуација на трудот по реден број 4.*** „Канибализација или ревиталиација како нужност да се остане не пазарниот врв" **МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: ЛИЦАТА НА КРИЗАТА,** организирана од ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ РМ – Скопје (март 2012)

Една од манифестациите на техничко-технолошкиот развој е во врска со драстичното намалување на животниот век на производот, што ја наложува и потребата од поопстојно испитување на сите лимитирачки фактори врз производствениот циклус. Особено е потенцирано значењето на процесот на деловно одлучување во последната фаза од животниот циклус на производот. Често пати одлуките непосредно го определуваат и натамошниот раст, па и опстанок на субјектот во немилосрдните услови на конкуренција.

Инвестииците се клучен фактор за одржување на конкурентската предност на одреден дел на деловни субјекти. Практиката укажува на фактот дека денес веќе не е актуелно само да се осигура добра услуга и атрактивен производ, туку интенцијата е да се биде подобар од конкуренцијата. Како да се постигне оваа цел?

Продажбата на најголем дел од производите и брендовите евентуално опаѓа поради неколку причини, вклучувајќи технолошки предности, промена во вкусовите на потрошувачите и зголемена домашна и странска конкуренција. Сите овие фактори на крајот се сведуваат на преминување на капацитетот, пад на цената и профитот. Намалувањето на продажбата и профитот предизвикува не само повлекување на производи, туку и на деловни субјекти од пазарот. Оние кои ќе останат го стеснуваат асортиманот на производи, се повлекуваат од некои пазарни сегменти, редуцираат послаби трговски канали и го намалуваат својот промоциски буџет и цени. Изборот на соодветна стратегија во фазата на опаѓање и напуштање на производот е функција на релативната атрактивност на дејноста и конкурентната позиција, односно сила на претпријатието.

***Евалуација на трудот по реден број 5.*** „Одговорноста на ревизорите во услови на глобална финансиска криза" **МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ТЕМА: ЛИЦАТА НА КРИЗАТА,** организирана од ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ РМ – Скопје (март 2012)

Не постои силен доказ дека сегашниот модел на ревизија во услови на финансиска криза е несоодветен. Акционерите подеднакво ја реафирмираа нивната доверба во независната ревизија на финансиските извештаи. Во исто време, се чини дека постои широко распространето мислење, кое го делат регулаторите, инвеститорите, комитетите за ревизија, бизнисите и ревизорите, дека ревизијата може и треба да придонесе повеќе кон целта за подобрување на довербата на стејкхолдерите и на пазарите на капитал во индивидуалните бизниси. Повторната оценка на улогата на ревизијата, во услови на финансиска криза, претставува и предизвик и можност за ревизорите да му ја докажат својата вредност на бизнис секторот. Но, со усвојувањето на поконкретно одговорно известување фокусирано на инвеститорте се создаде потенцијал за креирање на нови несигурности во врска со должното професионално внимание на ревизорот, во оние правни системи, каде што степенот на одговорност е дефиниран од страна на судовите. Ревизорите мора да продолжат да ја прифаќаат одговорноста за работата што тие ја вршат и да бидат подготвени да се бранат себеси, доколку дојде до причинување на загуби за клиентот и останатите засегнати страни. Но, прифаќањето на одговорноста за сопствената работа е едно, а прифаќањето на нечија друга грешки или измама, веројатно, нешто сосема друго.

Овој момент е особено важен, бидејќи ревизијата, за разлика од другите професии, вклучува давање на мислење за предметот на работа, главно збир на финансиските извештаи, што е подготвен од страна на друго лице. Карактеристичноста на оваа ситуација произлегува од таму што ревизијата секогаш ќе има инхерентни ограничувања и никогаш нема да биде во можност да понуди целосна гаранција на финансиската состојба на клиентот. Ревизорската професија мора да биде подготвена да одговори на потребите на засегнатите страни и на загриженоста на регулаторите, преку преземање на сите одговорности во неизвесното опкружување.

***Список на објавени и рецензирани прегледни научни трудови во Зборник:***

***Евалуација на трудот по реден број 1.*** „Управување со трошоците во фазите на животниот циклус на производот" (прегледен научен труд), ЕУРМ, Скопје, 2008

Трудот е замислен како теоретско и апликативно истражување на трошочната проблематика во фазите на животниот циклус на производот и развој на научната мисла во таа област. Истражувањето во најголема мера е мотивирано од важноста и улогата на трошочната компонента во фазите на животниот циклус на производот, имајќи ги предвид современите услови на стопанисување. Токму управувањето на трошоците во фазите на животниот циклус на производот како суштинско подрачје е предмет на проучување во натамошниот текст од трудот. Управувањето со трошоците во фазите на животниот циклус

на производот е дотолку понеопходно, доколку е поусложнето работењето на стопанските субјекти, што е општоприфатено мислење во целокупната теоретска обработка и модерна практика.

Од актуелноста и потребата од планирање и управување со трошоците воопшто, произлегуваат целите на истражувањето и очекуваните резултати.

Глобалната цел кон која е насочено истражувањето е перманентното стимулирање на економичноста, поточно продуктивното трошење на средства и труд во рамки на одделните активности во фазите на животниот циклус на производот. Од исклучително значење е осознавање на суштината на менаџерскиот процес при планирањето на трошоците, како и дефинирање на предностите од тој управувачки процес. Очекуваните резултати од истражувањата се темелат врз спроведените аналитички размислувања и наоди во трудот и тие треба да најдат соодветна практична примена во тековното работење на стопанските субјекти.

***Евалуација на трудот по реден број 2.*** „Менаџер и лидер – сличности и разлики" (прегледен научен труд), ЕУРМ, Скопје, 2009

Менаџерот е поединец кој ги извршува функциите на менаџментот. Тоа е стручен раководител, работоводител, управник, директор, стручен носител на функцијата раководење на техничко-технолошките процеси, координација, организирање и управување на стопанските работи на претпријатието.

Менаџерот и лидерот се разликуваат по концепцијата за работа. Менаџерската работа е процес кој оспособува група луѓе да делат идеи, да развиваат стратегии и да донесуваат одлуки. Менаџерите го потпомагаат процесот со располагање со разни вештини за балансирање, организација на времето и преговарање. Кога работите ќе почнат да се одвиваат добро, менаџерот се труди да ги избегне потенцијалните проблеми. Од друга страна, лидерот не ги поправа работите што не се скршени. Додека менаџерите ги ограничуваат изборите и одржуваат status quo, лидерите работат во спротивна насока за отворање на нови опции. Лидерите работат со голем ризик и често се изложени на опасност и ризик, особено во ситуации кога постои можност за поголема заработка. Слободно може да се потенцира дека менаџерите го чуваат бизнисот, заштитници се на институцијата и чувари на раководниот стил. Ги координираат и балансираат потребите на различните оддели во организацијата, ги извршуваат стратегиите и управуваат. Животите на лидерите се карактеризираат со успеси и падови, но и со постојана битка за одржување на редот. Тие имаат сопствен свет во кој се чувствуваат добро, можат да работат за вас, но не припаѓаат на вашата фирма. Во кризни моменти лидерот е тој што ќе успее, како никој друг. Затоа, идентификувањето и ангажирањето на лидер кој ќе придонесе многу за вашата организација има огромна важност и може да значи разлика помеѓу успехот и неуспехот во вашиот бизнис.

***Евалуација на трудот по реден број 3.*** „Неформалната организација во функција на подобрување на управувачкиот процес" (прегледен научен труд), ЕУРМ, Скопје, 2010

Неформалните организации или како што се нарекуваат „организации во сенка" постојат во секое претпријатие. Тоа се групи кои неминовно се формираат поради пријателство или поради некои односи кои не можат да се регулираат со организациона шема. Тие најмногу се приметуваат во секојдневното работење таму каде што формалната организација не е единствена на чијашто основ се завршуваат работите.

Неформалниот систем често е побрз и поефикасен од формалниот. Тоа е единствена работа. Кога сакате да откриете што не чини во претпријатието наместо да ја набљудувате формалната мрежа треба да посветите внимание на неформалниот, односно незваничниот систем на комуникации.

Неавторизираното поставување на норми над работата е еден од начините на кои неформалната организација прави контрапродуктивно влијание. Од друга страна, многу често слушаме приказни во кои компанијата е спасена благодарение на група работници кои работеле надвор од барањата на работното место.

Во секоја организација постои сплет на меѓучовечки односи. Кога ќе се активираат неформалните организации можат да вршат големо влијание. Најчесто тоа влијание се манифестира преку неформалната комуникација или преку влијанието на работните места. Целта на раководителот е да ги минимизира негативните ефекти на овие организации и да ја искористи нивната моќ во свои цели.

***III. Издавачка дејност***

1. **Љиљана Конеска** - *Управување со трошоците во фазите на животниот циклус на производот*, Технопринт-2, Скопје, 2006.
2. **Љиљана Конеска** - *Банкарски сметководствен систем, универзитетски учебник*, Цетис Скопје, 2006.
3. **Љиљана Конеска**, Павлина Стојанова - *Финансиско сметководство, универзитетски учебник*, Цетис, Скопје, 2007.
4. **Љиљана Конеска** - *Управувачко сметководство, универзитетски учебник, Цетис, Скопје, 2007*.
5. **Љиљана Конеска** – *Сметководствен систем на финансиски институции, универзитетски учебник*, Цетис, Скопје, 2009.
6. **Љиљана Конеска** – *Управување со производите*, *универзитетски учебник*, Цетис, Скопје, 2010.
7. **Љиљана Конеска**, Ленче Петреска -*Деловно планирање, универзитетски учебник*, Цетис Скопје, 2010.

***Евалуација на учебник под реден број 1:*** *– Управување со трошоците во фазите на животниот циклус на производот*, Технопринт-2, Скопје, 2006

Виталната улога на трошоците во работењето на стопанските субјекти се јавува како мотив трошочната проблематика да биде проучувана со децении. Во нестабилни пазарни услови на работење и силна конкуренција, покрај останатите улоги на трошоците (за утврдување на цени, за контрола, за планирање), особено се издвојува улогата на трошоците како основа за аргументирање на тековни, деловни одлуки како забележителен тренд кој систематски зазема сè поголемо значење.

Главна интенција на стопанските субјекти е токму обидот да се изгради систем на управување со трошоците кој ќе се приспособи на промените на деловното опкружување и усовршува согласно со потребите. Целиот систем на управување со трошоците треба да е осмислен така што ќе обезбедува континуирано следење на трошоците и продуктивно трошење на средства и труд.

Анализата на трошоците има посебна улога и во рамки на маркетинг дејствувањето, што значи дека со анализа на трошоците се опфаќа и проблематиката на реализацијата, финансискиот резултат и секако ангажираните средства. Несомнен е фактот и дека во процесот на управување со трошоците особено значајна улога има планирањето на трошоците. Колку опкружувањето е понестабилно, предвидувањето е посложено, а овој факт уште повеќе ја потенцира улогата на планирањето како неодминлива функција од највисок приоритет со која се трасираат најефикасните патишта за реализација на зацртаните цели. Процесот на планирање претпоставува следење на движењето на трошоците, нивно алоцирање, контрола, сè во функција на обезбедување можности за бројни аналитички постапки со цел да се влијае врз нивната големина. И секогаш кога трошоците се предмет на какви било испитувања се актуализира значајното прашање за тоа колку треба да изнесуваат трошоците за определена активност.

***Евалуација на учебник под реден број 2:*** *– Банкарски сметководствен систем, универзитетски учебник*, Цетис Скопје, 2006

Улогата и значењето на сметководствениот систем со децении е потврдувана во праксата на банките како најзначајни финасиски институции. Важноста на сметководствените информации во секојдневното работење е несомнена во процесот на планирање, контрола и деловно одлучување.

Во литературата помеѓу бројните дефиниции за сметководствениот систем во функција на деловното одлучување особено се издвојува дефиницијата формулирана од

AAA (American Accounting Association)[2] според која сметководството претставува процес на идентификување, мерење и комуницирање со економски информации со цел врз основа на информираноста да се овозможи оценување и донесување на деловни одлуки. Оваа дефиниција подразбира користење на информациите за донесување на деловни одлуки и идентификување на корисниците на сметководствените информации.

Познато е дека формите преку кои се поттикнува развојниот подем на проучувањето на трошочната проблематика низ фазите на животниот циклус на производот во најголем дел произлегуваат од определени сметководствени решенија. Имајќи предвид дека проблематиката на трошоците има сè поголемо значење и третирање во бројни проучувања, несомнена е улогата на сметководствените информации кои добиваат универзална улога.

Што се однесува до сметководствените информации кои произлегуваат од банкарското работење тие треба да бидат релевантни, да се одликуваат со соодветен квалитет, квантитет, навременост и што е особено важно со минимални трошоци за нивното добивање. Соодносот меѓу вредноста на информациите и трошоците за нивно стекнување претставува правило и на подрачјето на сметководствените информации.

***Евалуација на учебник под реден број 3:*** *Финансиско сметководство, универзитетски учебник*, Цетис, Скопје, 2007

Од финансиското сметководство се добиваат показатели од финансиските извештаи кои се користат во понатамошниот процес на управување и раководење. Информациите од финансиското и сметководството на трошоците имаат значење доколку го потпомагаат процесот на деловното одлучување. Станува збор за преглед на: 1.Состојбата и движењето на средствата и тоа на материјални средства (недвижности, постројки, опрема); нематеријални средства; финансиски средства; залихи; обврски; трошоци; 2. Приходи и расходи (приходи; расходи; финансиски резултат).

Особено значење добива поглавјето сметководство на трошоците како потсистем кој заслужува соодветен третман во рамките на посебно поглавје.

Сметководството на деловниот менаџмент ги селектира бројните информации кои ги добива од финансиското и сметководството на трошоците и ги користи за тековното и долгорочното планирање. Сите добиени индикатори можат да послужат како погодно средство во предвидувањето на идните вложувања на финансиски средства. Така на пример, инвестирањето во истражување и развој секако е во голема зависност од показателите во финансиските извештаи, а инвестиционата активност влијае врз процесот на одвивање на развојниот циклус на производот. Секако дека овие трошоци се планираат од менаџментот и тоа врз база на остварените финансиски резултати.

Во нашата литература поимот финансиски извештај не се среќава мошне често. Во странската литература меѓутоа, под поимот финансиски извештај се подразбира цела една групација прегледи кои се изготвуваат во рамките на периодичните пресметки и годишната сметка. Може да се забележи дека вообичаен отчет на претпријатијата на крајот од годината во праксата на сите развиени земји е т.н. годишен извештај (Annuel Report), чиј составен дел се финансиските извештаи. Што се однесува до нашата пракса тоа би биле само билансот на состојба и билансот на успех. Во странската пракса покрај овие два биланса во групата на финансиски извештаи спаѓаат и билансот на акумулирана добивка, прегледот на парични текови и прегледот на промена на финансиската состојба.

Наведените прегледи содржат бројни текстуални и бројчани показатели со осврт на сите постигнати резултати во изминатиот период, како и перспективите на идните развојни тенденции.

***Евалуација на учебник под реден број 4:*** *– Управувачко сметководство, универзитетски учебник, Цетис Скопје, 2007*

Процесот на управувачкото сметководство е тесно поврзано со управувачките процеси, особено со давањето на информации за извршување на процесот на производство и применетата технологија. Овие информации се даваат за определен временски период или за завршен производствен процес. Информациите за завршениот деловен процес се тесно поврзани со искористеноста на ресурсите и добиените учиноци во определен период или завршен производствен процес.

Врз основа на овие информации менаџментот врши проценки и донесува одлуки за понатамошно работење. Оценувањето се врши во физички и вредносни показатели, оценките се однесуваат на тоа дали се добиени доволно исправни производи и дали расипувањето и кршењето е оправдано.

Управувачкото сметководство со давање на сметководствени информации се вклучува во информациониот потсистем и преку него во системот за деловно одлучување. Меѓутоа, менаџметот би направил големи грешки доколку се обиде да донесува одлуки само врз основа на сметководствените информации. Според тоа сметководствените информации треба да бидат само дел од анализите на основите за деловно одлучување.

За изготвување на наведените анализи, покрај други информации од особена важност се информациите што ги дава управувачкото сметководство.

***Евалуација на учебник под реден број 5:*** *Сметководствен систем на финансиски институции*, *универзитетски учебник*, Цетис, Скопје, 2009

Изучувањето на банкарската сметководствена проблематика се однесува на запознавање на најосновните принципи на банкаркото сметководствено опфаќање на многубројните финансиски трансакции и банкарски активности кои претставуваат услов за соодветен степен на високо образование од насоката Банкарски менаџмент.

Согласно со современите движења во стопанскиот живот, како и значењето и улогата на банкарскиот апарат како активен чинител на економските процеси, при изготвувањето на учебникот се укажува и на потребата од користење на меѓународните сметководствени стандарди како услов за хармонизација на сметководствената пракса во светски рамки.

При изготвување на содржината, презентиран е краток осврт и врз историскиот развој односно почетоците на книговодствената евиденција и контниот план како исклучително значајни содржини и воедно како услов за подобро и полесно сфаќање на сложената сметководствена функција.

***Евалуација на учебник под реден број 6:*** *Управување со производите*, *универзитетски учебник*, Цетис, Скопје, 2010

Поаѓајќи од улогата и значењето на производот во современи услови на работење на стопанските субјекти, вообичаен е големиот интерес за негово опстојно проучување и воедно вклучување во скоро сите сфери на економските анализи.

Во развиените облици на стоковно производство, развојот на производите го димензионира вкупниот општествен развој во кој постои заемна меѓузависност на формирање на потребите и употребните вредности. Таквиот однос уште повеќе се потенцира со натамошното разграничување на употребните вредности, со алтернативните можности за употреба на производите.

Со оглед на актуелноста на проблематиката на управување со производите, односно производствената политика на асортиман вообичаени се настојувањата да се даде соодветен научен придонес во нејзиното проучување. Притоа се земени предвид и поставките кои се соодветно третирани во економската литература во насока на солидно формулирање на заклучоци согласно со образложенијата и видувањата кои се презентирани во трудот.

Во овој контекст особено се издвојува и проучувањето на животниот циклус која се развива во рамки на повеќе дисциплини и тоа почнувајќи од маркетингот, менаџментот, планирањето, политиката на цени, теоријата на трошоци, а соодветен третман наоѓа и во дела кои навидум не се посветени на оваа проблематика. Во секој случај нормално би било да се очекува и понатамошен развој на цел комплекс на обработка на животниот циклус на производот во литературата, а бројот на научните дела и понатаму да се зголемува паралелно со развојот на научната мисла, развојот на стопанските субјекти и општо економскиот и техничко-технолошки развој.

***Евалуација на учебник под реден број 7:*** *Деловно планирање, универзитетски учебник*, Цетис Скопје, 2010

Општопознато е дека планирањето како менаџерска функција претставува камен-темелник од кој зависи успехот на секој деловен ентитет. Неговата улога и значење е подеднакво важна и за малите и за големите претпријатија. Иднината на претпријатијата

во голем степен е детерминирана токму од рационалниот и ефикасен процес на деловно планирање. Како водич од исклучително значење, планирањето е функција од првостепено значење за менаџерскиот тим. Нејзиниот делокруг го опфаќа дефинирањето на целите, креирањето на деловната политика и секако конкретизација на зацртаните намери односно изготвување на плановите.

Проблематиката на деловното планирање е систематизирана во повеќе поглавја.

Најнапред е даден осврт врз проблематиката на управувањето како наука и вештина без која современиот свет не може ефикасно да влијае и да се развива. Управувањето претставува нераздвоен чинител на секојдневното дејствување и пресуден фактор од кој зависи реализацијата на целите. Посебно внимание и третман добива и планирањето како примарна функција со сите негови обележја кои ја определуваат неговата суштина.

Стратегиското планирање како долгорочна ориентација е обработено во посебно поглавје со акцент на определување на неговата суштина, цели како и на видовите на стратегии.

Во понатамошните излагања следи осврт врз производите на процесот на планирање: целите, деловната политика и плановите.

Операционите истражувања како дисциплина која сè повеќе наоѓа примена во решавањето на конкретни тековни проблеми во најразлични области во доменот на деловното работење е предмет на разработка во понатамошниот текст.

Имајќи го предвид фактот дека предвидувањето претставува предуслов за успешно одвивање на процесот на планирање следи образложение на сите негови битни аспекти во рамките на посебно поглавје.

Следи делот од трудот замислен како општ третман на планирањето во контекст на неговиот придонес за унапредување и развој на менаџерските активности, зголемување на веројатноста за успех, поефикасно координирање на напорите на менаџерите и нивно оспособување за борба со сите предизвици.

Последното поглавје дава осврт врз основните обележја на планирањето во светот (САД, Јапонија), како и укажување на сличностите и разликите во нивниот пристап.

***IV. Учество во факултетски органи, комисии***

1. Член на ***Сенат*** со Одлука бр. 02/515-1 од 4.4.2013 година на Европски универзитет – Република Македонија.
2. Член (претседател) на ***Наставно-научен колегиум*** за прием, разгледување и усвојување на пријавите за изработка на магистерски трудови на Факултетот за економски науки во состав на ЕУРМ.
3. Со Одлука бр. 0310/917-1 од 14.10.2011 година Љиљана Конеска е избрана за **продекан** на Факултетот за економски науки при Европски универзитет – Република Македонија.
4. Член на Рецезенска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Маргиналните капитални кофициенти и нивните секторски вредности во македонската економија***“, со Одлука број 02-1473/1 од 26.9.2013 година на Европски универзитет-Скопје.
5. Член (ментор) на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Промените и новите трендови во банкарскиот менаџмент***“, со Одлука број 02-324/1 од 7.12.2011 година на Европски универзитет- Скопје.
6. Член (ментор) на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Маркетинг стратегии на земјоделските производи и прехрамбени производи за настап на странски пазар***“, со Одлука број 02-805/1 од 9.5.2013 година на Европски универзитет- Скопје.
7. Член (ментор) на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Организациона поставеност на банките во Република Македонија***“, со Одлука број 02-948/1 од 8.6.2012 година на Европски универзитет- Скопје.
8. Член (ментор) на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Анализа и управување со залихите во насока на зголемување наефикасноста на деловните субјекти***“, со Одлука број 02-786/1 од 27.4.2012 година на Европски универзитет- Скопје.

9. Член (ментор) на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Сметководствена евиденција на банкарските субјекти***“, со Одлука број 02-333/1 од 7.12.2011 година на Европски универзитет - Скопје.
10. Член (ментор) на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Маркетинг истражување во фазата на воведување на нов производ од животниот циклус на работникот***“, со Одлука број 02-331/1 од 7.12.2011 година на Европски универзитет - Скопје.
11. Член (ментор) на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Планирање на банкарските производи примарнабанкарска менаџмент функција***“, со Одлука број 02-336/1 од 7.12.2011 година на Европски универзитет-Скопје.
12. Член (ментор) на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Анализа на степенот на задоволување на потрошувачите на банкарските услуги во трите најголеми банки во Р. Македонија***“, со Одлука број 02-358/1 од 8.3.2013 година на Европски универзитет - Скопје.
13. Член на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Анализа на банкарските производи во ТТК банка***“, со Одлука број 02-419/1 од 15.12.2011 година на Европски универзитет- Скопје.
14. Член на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Промените и новите трендови во банкарскиот менаџмент***“, со Одлука број 02-798/1 од 27.4.2012 година на Европски универзитет - Скопје.
15. Член на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***МСС во функција на хармонизација на сметководствената пракса***“**,** со Одлука број 02-790/1 од 27.4.2012 година на Европски универзитет - Скопје.
16. Член на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Платниот промет и банкарското работење***“, со Одлука број 02-339/1 од 7.12.2011 година на Европски универзитет- Скопје.
17. Член (ментор) на Рецензентска комисија за одбрана на магистерски труд со наслов „***Стратегии за настап на пазарот преку SWOT анализа во Стопанска банка – Скопје***“, со Одлука број 02-626/1 од 30.3.2012 година на Европски универзитет-Скопје.
18. Член (ментор) на Рецензентска комисија со Одлука бр. 02.325/1 од 7.12.2011 година за одбрана и оценка на магистерски труд со наслов „***Управување со актива и пасива како основа за долгорочно и успешно работење на банките низ призма на Базел стандардите***“***,*** на Европски универзитет - Скопје.
19. Член (ментор) на Рецензентска комисија со Одлука бр. 02-408/1 од 3.3.2012 година за одбрана и оценка на магистерски труд со наслов „***Граничните трошоци како апликативен дел на теоријата на трошоците***“***,*** на Европски универзитет- Скопје.
20. Член на Рецензентска комисија со Одлука бр. 0310/912 од 14.10.2012 година за одбрана и оценка на магистерски труд со наслов „***Управување со трошоцие на производите во животниот циклус, со посебен осврт на АД – Жито Струмица***“***,*** на Европски универзитет- Скопје.
21. Член (ментор) на Рецензентска комисија со Одлука бр. 02-812/1 од 9.5.2013 година за одбрана и оценка на магистерски труд со наслов „***Оценкана бонитетот на корисниците на кредити***“**,** на Европски универзитет- Скопје.
22. Член (ментор) на Рецензентска комисија со Одлука бр. 02-857/1 од 9.5.2013 година за одбрана и оценка на магистерски труд со наслов „***Улогата на производот во обликувањето на мислењето на потрошувачите***“ на Европски универзитет – Скопје.
23. Член (ментор) на Рецензентска комисија со Одлука бр. 02.863/1 од 9.5.2013 година за одбрана и оценка на магистерски труд со наслов „***Управување со сметководствената функција во деловните претпријатија***“, на Европски универзитет - Скопје.
24. Член (ментор) на Рецензентска комисија со Одлука бр. 02-355/1 од 8.3.2013 година за одбрана и оценка на магистерски труд со наслов „***Управување со ризиците во современите услови на работење на деловните банки***“**,** Факултет за економски науки на Европски универзитет - Скопје.

25. Член (ментор) на Рецензентска комисија со Одлука бр. 02-1927/1 од 18.12.2012 година на Факултет за економски науки за одбрана и оценка на магистерски труд со наслов ***„Контролата при управувањето на производите низ животниот циклус на производот“***, на Европски универзитет- Скопје.
26. Член на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област маркетинг на Фкултетот за економски науки при Европски универзитет (Одлука бр. 02-1910/1 од 18.12.2012).
27. Член на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област сметководство на Факултетот за економски науки при Европски универзитет (Одлука бр. 02-1911/1 од 18.12.2012).
28. Член на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање вонреден професор за наставно-научната област финансии на Факултетот за економски науки при Европски универзитет (Одлука бр. 02-478/1 од 29.3.2013).
29. Член на рецензентска комисија за избор на соработник во звање вонреден професор за наставно-научната област маркетинг на Факултетот за економски науки при Европски универзитет (Одлука бр. 02-479/1 од 29.3.2013).
30. Член на Рецензентска комисија за изработка на докторска дисертација на тема ***„Развој на осигурителниот пазар во регионот во периодот од 2005-2010, со акцент на влијанието на осигурителниот пазар на економскиот раст“*** на Факултетот за економски науки при Европски универзитет (Одлука бр. 02-342/1 од 7.12.2013).
31. Член (ментор) на Рецензентска комисија за изработка на докторска дисертација на тема ***„Влијанието на корпоративното управување врз профитабилноста, ефикасноста и репутацијатана банките“*** на Факултетот за економски науки при Европски универзитет (Одлука бр. 02-407/1 од 7.12.2011).
32. Член на Рецензентска комисија за изработка на докторска дисертација на тема ***„Банкарското кредитирање во современото општество услови на светска економска криза“,*** на Факултетот за економски науки при Европски универзитет (Одлука бр. 02-513/1 од 28.12.2011).
33. Член на Рецензентска комисија за изработка на докторска дисертација на тема ***„Локалната самоуправа и фискалната децентрализација во Република Македонија“*** на Факултетот за економски науки при Европски универзитет (Одлука бр. 02-292/1 од 21.02.2013).
34. Член на Рецензентска комисија за изработка на докторска дисертација на тема ***„Менаџмент со човечки ресурси во јавната администрација“*** на Факултетот за економски науки при Европски универзитет (Одлука бр. 02-346/1 од 8.3.2013).
35. Член на Рецензентска комисија за изработка на докторска дисертација на тема ***„Дефинирање на функционалниот модел на организациската структура во графичката индустрија“*** на Факултетот за економски науки при Европски универзитет (Одлука бр. 02-1345/1 од 11.7.2013).
36. Член на Рецензентска комисија за изработка на докторска дисертација на тема ***„Маркетинг менаџмент со туристичките ресурси на Република Македонија со осврт на туристичките ресурси на Шар Планина и Бистра“*** на Факултетот за економски науки при Европски универзитет (Одлука бр. 02-292/1 од 21.2.2013).

***V. Научноистражувачки проекти***

Ангажман во изготвување на повеќе проекти и тоа:

1. Активно учество во изработка на *проект*: Програми и Планови за тековното работење на „Водостопанство Преспанско Езеро“ – Ресен:

– за заштита на рибниот фонд на Преспанското Езеро;
– за заштита на споменикот на природата Езерани;
– за заштита на крајбрежниот појас на Езерото.

2. Вклучена во изработка на *проект* под наслов „Жената низ народниот вез за заштита на културното наследство на РМ и подобрување на економската ситуација на стечајни лица (одобрен и реализиран грант)“. Објавена статија во економско списание:

3. Љиљана Конеска, изработен *проект* со наслов „Примена на МСС и сметководство на трошоците во производството и преработката на тутун во РМ“**,** објавен во **Репрезент,** Скопје, 1998.

***VI. Стручни награди и признанија***

1. Certificate of participion in the International Scientific Cnference, European University, Skopje, 15.09.2012.
2. Certificate of participion in the International Scientific Cnference on: Faces of theCrisis, European University, Skopje, 15.03.2012.
3. Certificate of participion in the International Scientific Cnference on: The role of media inpromotion of product and service, European University, Skopje, 14. 06 2012.

***VI. Член на уредувачки одбор/рецензент***

1. Рецезент на ракописот под наслив „*Менаџерска економија”* од авторите проф. д-р Лидија Наумовска на Факултетот за економски науки при Европски универзитет на Република Македонија – Скопје (Одлука донесена на 26.12.2012 година од страна на Наставно-научниот совет при ЕУРМ).
2. Рецезент на ракописот под наслов „*Принципи на сметководсство”* од авторите доц. д-р Љупчо Стојчевски и м-р Александар Костадиновски (Одлука бр.0306/098 од 24.9.2007 на Факултетот за економски науки при Европски универзитет на Република Македонија – Скопје).
3. Рецезент на ракописот под наслов „*Современи национални здравствени системи”* од доц. д-р Љупчо Стојчевски (Одлука бр.0306/1565 од 11.1.2010 година).
4. Рецензент на ракописот под наслив „*Менаџмент на трошоци во здравствените фармацевтски организации”* од авторот доц. д-р Љупчо Стојчевски (Одлука бр.0306/1004-1 од 22.4.2009 година).

***VII. Учество на симпозиуми, конгреси, конференции, обуки:***

1. **Меѓународна научна конференција на тема:** *Реформите на безбедносниот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот,* организирана од ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНЕ И ПОСЛОВНЕ СТУДИЈЕ – Нови Сад и ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ РМ – Скопје (септември 2012).
2. **Меѓународна научна конференција на тема:** *Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите***,** организирана од ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ РМ – Скопје (14-15 јуни 2012).
3. **Меѓународна научна конференција на тема:** *Лицата на кризата***,** организирана од ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ РМ – Скопје (март 2012).
4. Учествува на **Меѓународен семинар** во Албанија за заштита на рибниот фонд.

**Д-р Маргарита Матлиевска**

***Кандидатката ги достави следните документи:***

1. Пријава;
2. Диплома за одбранет докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
3. Кратка биографија (во четири примероци);
4. Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
5. Список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок на трудовите во оригинал доколку ги има);
6. Уверение за државјанство.

***I. Биографски податоци***

**Д-р Маргарита Матлиевска** е родена на 22 мај 1965 година во Битола, Македонија. Средно образование завршува во 1983 год. во Гимназијата „Јосип Броз - Тито“ во Битола. Во 1991 год. дипломира на Шумарски факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Матлиевска своето образование го продолжува на постдипломските студии на истоимениот факултет, каде што во 1996 год се стекнува со звање магистер на

биотехнички науки со просечна оценка на студии 9,00. Се запишува на докторски студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. По полагањето на предвидените предмети од областа на менаџмент (Основи на менаџмент и Менаџмент со човечки ресурси, со средна оценка 10,00) и одбраната на својата докторска дисертација под наслов „Управување со процесот на изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија", во 2006 година се стекнува со звање доктор на менаџмент.

Од приложената документација се гледа дека д-р Матлиевска има богато работно искуство кое започнува во Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина каде што работи од 1997 до 1998 год. Потоа, од 1998 до 2008 год. е вработена во Министерството за животна средина, при што била на високи раководни позиции меѓу кои и помошник-раководител на Секторот за европска интеграција. Во јануари 2007 год, е избрана за насловен доцент на Факултетот за бизнис економија - Скопје, каде што била ангажирана како наставник на втор циклус студии. Била ангажирана и како наставник на прв циклус студии на Факултетот за јавна администрација и менаџмент на информациски системи (поранешни Интердисциплинарни студии за јавна администрација) при Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола.

Од 2008 год до денес, д-р Матлиевска работи како доцент по менаџмент на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и е ангажирана како предметен наставник по повеќе предмети од областа на менаџментот.

Од приложената документација се гледа дека кандидатката одлично го владее англискиот јазик, дека одлично се служи со сите алатки на MS Office и дека поседува возачка дозвола „Б" категорија. Истовремено, од доставената апликација може да се извлечат сознанија за нејзината богата наставно-научна и стручно-апликативна дејност кои говорат за целосна академска посветеност.

***II. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Матлиевска била ангажирана како наставник на повеќе предмети, наставни програми и факултети во рамки на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, и тоа:

| Назив на предметот: | | Студиска програма |
|---|---|---|
| Економика на претпријатија (Штип и Струмица) | Прв циклус | 2008/2009 |
| Основи на здравствен менаџмент (Штип) | Прв циклус | 2009/2010 |
| Меѓународен менаџмент (Штип) | Прв циклус | 2009/2010 |
| Економија на животната средина | Прв циклус | 2010/2011 |
| Економија на мали бизниси (Штип) | Прв циклус | 2011/2012 |
| Маркетинг на пазарот (Скопје и Гевгелија) | Прв циклус | 2010/2011 |
| Менаџмент на мал бизнис (Штип и Струмица) | Прв циклус | 2012/2013 |
| Конфликт менаџмент (Штип) | Прв циклус | 2012/2013 |
| Современи здравствени политики (Штип) | Прв циклус | 2012/2013 |
| Економија на внатрешна трговија (Штип и Струмица) | Прв циклус | 2012/2013 |

***Список на објавени научни и стручни трудови печатени во последните пет години***

***Евалуација на трудот со реден број 1.*** **Matlievska, M.** (2013). *Ozone Depleting Substances Elimination Management: The success story of Macedonia*. Journal of Process Management – New Technologies, International, 1(2), 27-34.

Во овој труд е претставен уникатниот начин на менаџирање со елиминацијата на супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка (ODS) во Македонија. Во оваа насока, истражено е спроведувањето на проектите од страна на надлежните институции во периодот 1995 – 2010 год., што резултираше со нивна речиси целосна елиминација. Со тоа, се потврди првичната хипотеза дека со адекватно планирани, координирани и спроведени мерки, количеството на ODS драстично се намалува.

***Евалуација на трудот со реден број 2.*** **Матлиевска, М. &** Џамтоска-Здравковска, С. (2013). *Управување со димензиите на одржливоста како детерминанти на одрживиот развој*. Зборник на научни трудови, IV Меѓународна научна конференција, корпоративен меѓународен славјански универзитет „Г.Р.Державин” - Свети Николе, Македонија „Меѓународен дијалог Исток - Запад (култура, славјанство и економија” - Свети Николе, 2013. 544-549.

Соодветното менаџирање со димензиите на одржливоста е клучно за постигнување на одржлив развој. Овој труд особено се осврнува на економската, еколошката, социјалната и етичката одржливост како одредници кои го профилираат одржливиот развој. Во трудот е елаборирана неопходноста од нивно соодветно управување. Трудот акцентира дека и пазарот и државата имаат значајна улога и влијание во ова управување.

***Евалуација на трудот со реден број 3.*** **Matlievska, M.** and Petrevska, B. (2013). *Managing environmental policy for tourism development*. Journal of Process Management - New Technologies, 1(1), 65-72.

Почетна хипотеза на трудот е дека менаџирањето со политиките во областа на заштита на животната средина е предуслов за развој на туризмот како стопанска гранка која има големо влијание на националната економија. Овде се дава и приказ на меѓународните стандарди во управувањето со оваа област преку нивна теоретска анализа. Истражувањето ја потврдува тезата дека постои основа за интегрирано управување со животната средина во насока на развој на туризмот.

***Евалуација на трудот со реден број 4.*** Petrevska, B. and **Matlievska, M.** (2013). *Managing economic development by tourism contribution: Empirical evidence*. Journal of Process Management - New Technologies, 1(2), 35-41.

Соодветното управување со една стопанска гранка би можело да го динамизира економскиот развој. Труд се осврнува на економското влијание на туризмот во Македонија и прави обид да го процени неговиот придонес за развој на националната економија. За таа цел, применета е компаративна анализа на неколку општоприфатени економски параметри, а податоците се истражувани во два периода: 1991 – 2000 како период веднаш по осамостојувањето на Македонија и 2001 – 2010 како период доволно голем да се набљудува првите резултати од туризмот. Истражувањето резултира со заклучокот дека туризмот има скромен придонес во економскиот развој и ја подвлекува потребата од управување со мерки и активности со кои би се подобрила сегашната состојба.

***Евалуација на трудот со реден број 5.*** **Матлиевска, М.** (2013). *Управување со заштитата на животната средина - правно-аналитички аспекти на Законот за животна средина. Годишник на Правен факултет - Кичево, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, 65-86*.

Овој научен труд детално разработува еден од начините на менаџирање со комплексниот систем на заштита на животната средина – преку легислативата која ја регулира оваа проблематика. Преку теоретска експлоративност и низ дескрипција на старите и новите прописи во Македонија и во Европската унија, во трудот е содржан приказ на промената на начинот на управување со заштитата на животната средина.

***Евалуација на трудот по реден број 7.*** Dzamtoska-Zdravkovska, S., **Matlievska, M.** and Denkova, J. (2013). *Internal communication as a precondition for successful management - theoretical approach*. Journal of Process Management – New Technologies, International, 1(2), 96-101.

Овој труд ја застапува тезата дека во срцта на сите менаџмент функции е процесот на комуникација. Тука се презентирани теоретските гледишта поврзани со виталната важност на комуникацијата како интегрален дел од управување со организациите. Посебен акцент е даден на интерната комуникација како суштинска за управување и ефикасно функционирање на една организација, но и на надворешната комуникацја како значајна за развој на организацијата. Имајќи ги предвид различните теоретски толкувања на

менаџментот, ова истражување упатува на потврда на стартната истражувачка хипотеза дека комуникацијата, разбрана како проток и споделување на информации, може да придонесе кон подобрување на оперативноста на организациите.

***Евалуација на трудот со реден број 8.*** Denkova, J. and **Matlievska, M.** (2012). *HRM in public administration (Case study: Effects of the Public Administration Reform in the Republic of Macedonia)*. International Journal of Business and Management Studies. 27-38.

Доколку управувањето со човечките ресурси е нераскинлив дел од она што е опфатено под поимот „менаџмент", тогаш целта на овој трудот е да се акцентираат ефектите од реформата на јавната администрација поврзани со управувањето со човечките ресурси. Врз база на мултидисциплинарниот приод и со примена на повеќе истражувачки техники, ова истражување упатува кон заклучокот дека управувањето со човековите ресурси се смета за потенцијално корисен но недоволно сериозно спроведен концепт.

***Евалуација на трудот по реден број 11.*** **Matlievska, M**. and Petrevska, B. (2012). *Managing investment conditions: The case of Macedonia*. Conference Proceedings-1st International Conference South-East European Countries toward European Integration, 20th October 2012. Elbasan, Albania. 357-364.

Да се менаџираат условите за инвестирање – тоа е неизбежно доколку целта е привлекување на инвестиции со цел акцелерирање и динамизирање на економскиот развој на Македонија.  Предмет на истражување се странските директни инвестиции (СДИ) како еден од основните предуслови за економски раст на секоја национална економија. Во трудот е презентирана улогата на владините мерки и политики како детерминанти и координати кои ја скицираат сликата на инвестицискиот потенцијал во земјата и како елементи со значителен импакт врз подобрувањето на инвестициската клима. Трудот, меѓу другото, ги анализира надворешната трговија, фискалниот сектор, работните односи и девизното работење како база за подобрување на инвестициските можности во Македонија. Со истражувањето станува јасно  дека Македонија го подобрува својат капацитет и својата оперативност во управувањето со СДИ.

***Евалуација на трудот по реден број 14.*** **Matlievska, M**. and Denkova, J. (2012). *Policies coordination in public administration in the Republic of Macedonia*. The IABPAD Conference Proceedings, 19-22 April 2012, Dallas Texas USA. 729-749.

Координацијата на јавните политики на одговорен и транспарентен начин, како една од менаџмент функциите, создава услови за стандардизиран процес на донесување одлуки – тоа е почетната хипотеза на овој труд. Предмет на истражување е начинот на кој во Македонија се усогласуваат националните стратешки документи со фискалната стратегија на земјата, механизмот кој овозможува усогласување на политиките од различни сектори со стратешките национални приоритети, како и учеството на јавноста во процесот на креирање политики. Истражувањето е направено со апликација на двата најсовремени и најшироко прифатени системи за проценка на јавните политики. Заклучокот е дека во Македонија се спроведуваат овие системи, но детектирани се и определени недостатоци, за што трудот содржи предлози за нивно надминување.

***Евалуација на трудот по реден број 15.*** **Matlievska, M**. and Denkova, J. (2012). *Public Policies Management - Mission Impossible?-The Case of the Republic of Macedonia* -.In: International Journal of Arts and Sciences Conference, Harvard University campus, Cambridge, Massachusetts, USA, 27-31 May, 2012. Proceedings 5(2), 163-164.

Дали е можно да се управуваат јавните политики од различните области на општественото живеење со цел тие да се заемно поддржувачки, а не да се спротивставени и со спротивни цели? Тоа е прашањето на кое трудот се обидува да даде одговор на примерот на Македонија. Трудот ја истражува апликацијата на интегриран и холистички приод во процесот на креирање на политиките, што позразбира нивна поголема кохерентност и изнаоѓање најдобри решенија и компромиси помеѓу различните интереси, како неоходност за сериозен менаџмент. Трудот ја презентира и потребата од транспарентност

при наведувањето на причините зошто определена политика е креирана на тој начин, како и неопходноста од следење и евалуација на дадената политика. Заклучокот е дека постоечкиот начин на управување со политиките, во голема мера придонесува кон посериозно планирање, координирање и нивно усогласување.

***Евалуација на трудот по реден број 16.*** Petrevska, B. and **Matlievska, M.** (2012). *Managing Regional Development: Empirical Evidence on Tourism Contribution*. In: First International Conference "South-East European Countries towards European Integration", 20 October, 2012, Elbasan, Albania. 693-700.

Овој трудот се осврнува на можноста за управување со цел порамномерен регионален развој преку придонесот на туризмот. Во трудот се компарираат регионите опфатени со NUTS3 класификацијата од перспектива на туристичкиот потенцијал за регионален развој. Од направеното истражување се согледува дека југозападниот регион на Македонија е водечки статистички регион кога се зборува за туризам и регионален развој. Преку емпириско докажување се стигнува до фактот дека и покрај својот речиси огромен потенцијал, туризмот како стопанска гранка сѐ уште не го достигнал својот врв во овој регион. Затоа, трудот го препорачува ова истражување како доказ за можноста од подобрување на развојот во овој регион преку туризмот, како и потребата од креирање на ефективна рамка за надминување на констатираните досегашни скромни резултати.

***Евалуација на трудот по реден број 27.*** **Matlievska, M**. and Gjorgjeska, B. (2009). *Управување со квалитетот на водата во Охридското Езеро - значаен елемент за збогатување на туристичката понуда*. In: Internatioanal Scientific Congress of Tourism and Management": „The Challenges and Perspectives of the Tourism and Management", September 26-27, 2009, Skopje, Macedonia. 138-142.

Преземањето мерки и активности, и генерално менаџирувaат епитетот „еколошки точки". Направеното истражување резултира со идентификување на тие точки и утврдува предлози за натамошно подобрување на управувањето со квалитетот на водата.

***III. Научноистражувачки проекти***

Ангажман во изготвување на повеќе проекти и тоа:

Вклучена во проектот како ч*лен на работна група „Извештај за напредокот кон милениумските развојни цели", Влада на Република Македонија, јуни 2009*.

***IV. Издавачка дејност***

1. Софијанова, Е., **Матлиевска, М**. и Јованов-Марјанова, Т. (2013). *Деловна комуникација,* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип**.**
2. **Матлиевска, М.** (2011). *Одржлив развој - нова глобална парадигма*. Самостоен издавач.
3. **Матлиевска, М.** и Пачешкоски, В. (2011). *Економика на претпријатија* (интерна скрипта од предавања).
4. **Матлиевска, М.** и Миладинов, Г. (2011). *Основи на здравствен менаџмент* (интерна скрипта од предавања).

***V. Експертизи***

1. Национален фокал поинт на Република Македонија за одржлив развој во Комисијата за одржлив развој при Обединетите нации (National Focal Point for Macedonia on Sustainable Development, United Nations Commission for Sustainable Development), 2009 - продолжува.

***VI. Стручни награди и признанија***

1. Сертификат за учество на 4-та меѓународна научна конференција, Меѓународен славјански универзитет, Скопје, 19.4.2013.
2. Certificate for Outstanding Research Presentation, International Conference for Academic Disciplines, International Journal of Arts and Sciences, Harvard Campus in Cambridge, 27-31.05.2012.

3. Certificate for Research Award, International Academy of Business and Public Administration Disciplines, Dallas Texas, USA, 19-22.04.2012.
4. Service Award for Session discussant, International Academy of Business and Public Administration Disciplines, Dallas Texas, USA, 19-22.04.2012.
5. Сертификат за завршена почетна обука за проценувач на вредноста на добрата и влијанијата врз животната средина, Министерство за животна средина и просторно планирање, 16.7.2012.
6. Certificate, ICBEF, Штип, 13-15.9.2012.
7. Certificate, 2nd Biennial International Scientific Congress, Skopje, 27-29.4.2011.

***VII. Учество на симпозиуми, конгреси, конференции, обуки:***

1. Четврта меѓународна научна конференција, Корпоративен меѓународен славјански универзитет „“Г.Р.Државин” - Свети Николе, Македонија „Меѓународен дијалог Исток – Запад (култура, славјанство и економија”, 2013, Свети Николе, Македонија.
2. 1st International Conference South-East European Countries toward European Integration, 20th October 2012, Elbasan, Albania.
3. First International Conference for Business, Economy and Finance “From Liberalization to Globalization: Challenges in a Changing World” Stip, 3-5 September, 2012.
4. Fifth International Scientific Conference BALWOIS 2012 on Water, Climate and Environment, **May 28 - June 02, 2012,** Ohrid, Macedonia.
5. Horizont 2020 To economic Knowledge and Businesses, 7-8 October, 2010, Svishtov, Bugaria.
6. **International Academy of Business and Public Administration Disciplines** (IABPAD) Conference, 19-22 April 2012, Dallas Texas, USA.
7. International Journal of Arts and Sciences Conference, 27-31 May, 2012, Harvard University campus, Cambridge, Massachusetts, USA.
8. Научно-стручна трибина на тема „Туризмот во Дојранскиот регион” 20.04.2012, Дојран, Македонија.
9. International Jubilee Scientific Conference “Economics and Management in the 21-st Century - Solutions for Sustainability and Growth”, 8-9 November, 2011 Svishtov, Bulgaria.
10. Internatioanal Scientific Congress of Tourism and Management”: „The Challenges and Perspectives of the Tourism and Management” , September 26-27, 2009, Skopje, Macedonia.
11. *International Conference* „The Economy and Business in Post-Recession”, 29.10.2010, Prilep, Macedonia.
12. Ist REDETE Conference “Economic Development and Entrepreneurship in Transition Economies: A Review of Current Policy Approaches, October 27-29, 2011, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina.

***VIII. Член на уредувачки одбор/рецензент***

1. Рецензент на труд од областа на наставно-образовната дејност (дадена рецензија за пет научно-стручни труда за потребите на ICBEF 2012).
2. Рецензент на труд од областа на наставно-образовната дејност (дадена рецензија за еден прегледен труд за потребите на Годишен зборник на Економски факултет на УГД, 2011).
3. Член на Уредувачки одбор на научно списание Journal of Process Management and New Technologies ISSN: 2334-7449.

***IX. Учество во факултетски органи, комисии***

1. Член на ННС при Економски факултет – УГД-Штип (од 2008).
2. Член на Комисија за плагијат на трудови од област менаџмент.
3. Член на Комисија за признавање испити.
4. Член на Комисија за одбрана на магистерски труд: Одлука бр. 1702-32/11 од 24.1.2013;

Одлука бр. 1702-110/8 од 5.5.2011; Одлука бр. 1702-151/7 од 06.7.2011; Одлука бр. 1702-95/17 од 27.4.2011; Одлука бр. 1702-105/41 од 14.2.2012.

5. Ментор на одбранета магистерска работа: Потврда од Integrated Business Institute, 23.2.2012.
6. Член на Комисија за одбрана на дипломски труд.
7. Член на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област менаџмент (Одлука бр. 1702-37/25 од 18.2.2010).
8. Член на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област статистика (Одлука бр. 1702-37/24 од 18.2.2010).
9. Член на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за наставно-научната област економски науки и менџмент (Одлука бр. 1702-77/3 од 12.4.2011).
10. Член на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област маркетинг (Одлука бр. 1702-160/3 од 28.10.2010).
11. Член на Рецензентска комисија за избор наставник во сите звања за наставно-научна област меѓународни организации и интеграции (Одлука бр. 1702-37/56 од 18.2.2010).
12. Член на Рецензентска комисија за избор наставник во сите звања за наставно-научна област здравствен менаџмент (Одлука бр. 1702-50/24 од 14.2.2013).

**Д-р Антоние Оносимоски**

***Кандидатот ги достави следниве документи:***

1. Пријава;
2. Диплома за одбранет докторски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар);
3. Кратка биографија (во четири примероци);
4. Потврда дека се служи со еден од светските јазици;
5. Уверение за државјанство;
6. Нема доставено список на објавени научни и стручни трудови во оригинал (кандидатот достави два примерока од трудовите во фотокопирана форма и за истите недостаува списанието каде што се објавени трудовите, односно содржината на списанието).

***I. Биографски податоци***

**Д-р Антоние Оносимоски** е родена на 27 јуни 1966 година во Гостивар. Кандидатот нема наведено каде ги завршува основното и средното образование. Во учебната 1986/1992 се запишува на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што се стекнува со диплома за дипломиран електроинженер. Во учебната 2005/2008 година се запишува на постдипломските студии при истиот Универзитет, на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Магистрира во 2008 година на тема „Влијанието на обуката врз професионалниот развој на наставниците". Се стекнува со научен степен магистер по менаџмент на човечки ресурси.

Во јули 2012 г., успешно ја одбранува докторската дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола на тема „ИНТЕРПЕРСОНАЛНИТЕ И СТРУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ", под менторство на проф. д-р Мирјана Сланинка–Динева, при што се стекнува со научен степен доктор по менаџмент. Од 2012 година работи на ИПА проект „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени", финансиран преку ЕУ во рамките на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Исто така, кандидатот д-р Антоние Оносимоски се стакнува со дополнителни квалификации во земјава и во странство, но нема приложено соодветна документација за потврда истите.

***II. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

1. Вреднувањена обуки, списание Образовни рефлекси, април 2007 година.
2. „Клучни компетенции – светски искуства и македонскисостојби октомври" Образовни рефлекси, 2008 година.

Комисијата нема да изврши евалуација на трудовите од причина што за истите има доставено фотокопија од текст, но не и од списанието. Исто така, истите не се поврзани со областа во којашто се избира.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата со задоволство констатира дека според објавените научни и научно-стручни трудови, учество во научноистражувачки проекти, учество на меѓународни и домашни конференции, симпозиуми, проф. д-р Љиљана Конеска поседува извонредни квалитети за наставна, научноистражувачка и организациона работа.

Според Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип (Универзитетски гласник бр. 26 од јануари 2013 година), кандидатката проф. д-р Љиљана Конеска ги исполнува критериумите за да биде избрана во звањето вонреден професор од наставно-научната област менаџмент и за целокупната активност има остварено (НО+НИ+САОП) = 408 поени.

Поради тоа, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да го усвои нашиот предлог, кандидатката **д-р Љиљана Конеска** да ја избере во звање **вонреден професор во наставно-научната област менаџмент.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Круме Николоски, вонреден професор претседател, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Мицески, редовен. професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Јован Пејковски, редовен професор, член, с.р.**

## ПР И Л О Г

**Табела за вреднување на активности на д-р Љиљана Конеска, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставници, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип „Универзитетски гласник“ бр. 26 од 2.1.2013 г.**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА (НО) ДЕЈНОСТ** | | | |
| **1.Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | **7** | **15** | **105** |
| **8. Рецензент на учебник**<br>Одлука бр. 0306/1565 од 11.1.2010<br>Одлука бр. 0306/098 од 24.7.2007<br>Одлука бр. 0306/1004-1 од 22.4.2009 | **3** | **1** | **3** |
| **25. Предавања-прв циклус (2008/2009, 2009/2010; 2010/2011; 2011/2012; 2012/2013)**<br>Банкарски менаџмент (Прв циклус студии - ФБДМ)<br>Управувачко сметководство (Прв циклус студии - ФБДМ)<br>Деловно планирање (Прв циклус - ФДМ и ММ)<br>Управување со производ (Прв циклус -ММ) | **2008/2009 -10**<br>**2009/2010 -10**<br>**2010/2011- 8**<br>**2011/2012- 8**<br>**2012/2013-8** | **1**<br>**1**<br>**1**<br>**1**<br>**1** | **10**<br>**10**<br>**8**<br>**8**<br>**8** |
| **27. Предавања втор циклус (2009/2010; 2010/2011; 2011/2012; 2012/2013)**<br>Банкарски менаџмент (Втор циклус - ФДМ)<br>Менаџмент на трошоци во фармација (Втор цилкус - Здр. и фарм. менаџ.)<br>Алокација на ресурси во фармацијата (Втор циклус - Здр. и фарм. менаџ.)<br>Управувачко сметководство (Втор циклус - ФДМ)<br>Е-бизнис (Втор циклус - ФДМ (петта година) и ММ (четврта година) | **2008/2009 -12**<br>**2009/2010 -10**<br>**2010/2011- 10**<br>**2011/2012- 10**<br>**2012/2013-10** | **1**<br>**1**<br>**1**<br>**1**<br>**1** | **12**<br>**10**<br>**10**<br>**10**<br>**10** |
| **11. Ментор на одбранет докторат**<br>Одлука бр. 02-342/1 од 07.12.2013<br>Одлука бр. 02-407/1 од 15.12.2014<br>Одлука бр. 02-313/1 од 28.12.2011 | **3** | **6** | **18** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **12. Ментор на магистерски**<br>Одлука бр. 02-325/1 од 07.12.2011<br>Одлука бр. 02-324/1 од 7.12.2011<br>Одлука бр. 02-408/1од 3.3.2012<br>Одлука бр. 02-355/1 од 8.3.2013<br>Одлука бр.02-812/1 од 9.5.2013<br>Одлука бр. 02-805/1 од 9.5.2013<br>Одлука бр. 02-863/1 од 9.5.2013<br>Одлука бр. 02-324/1 од 7.12.2012<br>Одлука бр. 02-947/1 од 8.6.2012<br>Одлука бр. 02-948/1 од 8.6.2012<br>Одлука бр. 02-786/1 од 27.4.2012<br>Одлука бр. 02-626/1 од 30.3.2012<br>Одлука бр. 02-333/1 од 7.12.2011<br>Одлука бр. 02-791/1 од 27.4.2012<br>Одлука бр. 02-331/1 од 7.12.2011<br>Одлука бр. 02-336/1 од 7.12.2011<br>Одлука бр. 02-339/1 од 7.12.2011<br>Одлука бр. 02.419/1 од 15.12.2011<br>Одлука бр. 02-857/1 од 09.5.2013<br>Одлука бр. 02-358/1 од 8.3.2013<br>Одлука бр. 0310/912 од 14.10.2011<br>Одлука бр. 02-64/1 од 24.11.2011 | **22** | **3** | **66** |
| **14. Ментор на дипломски** | | **1** | |
| **15. Член на комисија за одбрана на докторат**<br>Одлука бр. 02-292/1 од 21.2.2013<br>Одлука бр. 02-346/1 од 8.3.2013<br>Одлука бр. 02-1349/1 од 11.7.2013<br>Одлука бр. 02-347/1 од 8.3.2013 | **4** | **2** | **8** |
| **16 Член на комисија за одбрана на магистерски**<br>Одлука бр. 02-790/1 од 27.4.2012<br>Одлука бр. 02-798/1 од 27.4.2012<br>Одлука бр. 02-796/1 од 27.4.2012<br>Одлука бр. 02-801/1 од 27.4.2012<br>Одлука бр. 02-1473/1 од 26.9.2013 | **5** | **1** | **5** |
| **17. Член на комисија за одбрана на дипломска** | | **0,2** | |
| **30. Рецензент на соработници и наставници**<br>Одлука бр. 02-1910/1 од 18.12.2012<br>Одлука бр. 02-1911/1 од 18.12.2012<br>Одлука бр. 02-478/1 од 29.3.2013<br>Одлука бр. 02-479/1 од 29.3.2013 | **4** | **1** | **4** |
| ***ВКУПНО*** | | | **305** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА (НИ) ДЕЈНОСТ** | | | |
| **3. Прегледен труд** | **8** | **5** | **40** |
| **10. Одбранета докторска теза** | **2** | **8** | **16** |
| **11. Одбранета магистерска теза** | **1** | **4** | **4** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **13. Учесник во научен проект, во земјава 2 и во странство 1 проект (2x2=4 и 1x3=3)**<br>**во земјата**<br>**во странство**<br>**во странство**<br>**во земјата** | **2+1**<br>**1** | **2 (1)** | **7** |
| **23. Рецензент на научен труд** | **5** | **1** | **5** |
| ***ВКУПНО*** | | | **72** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | | | |
| **6. Труд објавен во зборник** | **8** | **2** | **16** |
| **24. Продекан** | | **8** | **8** |
| **22. Член на Сенат** | | **5** | **5** |
| **28. Претседател на НН колегиум** | | **2** | **2** |
| ***ВКУПНО*** | | | **31** |
| **В К У П Н О** | | | **408** |

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Маргарита Матлиевска,** доктор по ме**наџмент, според критериумите за избор во знање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, „Универзитетски гласник“ бр. 26 од 2.1.2013 г.**

| Ред. Број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| Наставно-образовна дејност (НО) | | | | |
| 3. | Позитивно рецензирана скрипта од предавања<br>- Точка III/1 | 1*8=8 | | 8 |
| 4 | Интерна скрипта од предавања<br>- Точки III/3 и 4 | 2*4=8 | | 8 |
| 12 | Ментор на одбранета магистерска работа<br>- Точка IX/5 | 1*3=3 | | 3 |
| 14 | Ментор на одбранета дипломска работа (макс 7) | 7*1=7 | | 7 |
| 16 | Член на комисија за одбрана на магистерска работа<br>- Точка IX/4 | 5*1=5 | | 5 |
| 17 | Член на комисија за одбрана на дипломски труд (макс 7) | 7*1 | | 7 |
| 25 | Предавања (прв циклус) | 30 | | 30 |
| 27 | Предавања (втор циклус) | 10 | | 10 |
| 30 | Рецензент на соработници и наставници<br>- Точки IX/7, 8, 9, 10, 11 и 12 | 6*1=6 | | 6 |
| | Вкупно: | **84** | | |
| Научноистражувачка дејност (НИ) | | | | |
| 1. | Монографија или научна книга<br>- Точка III/2 | 1*10=10 | | 10 |
| 5 | Учество на научен собир со реферат<br>- Точки VII/1, 3, 4, 8, 10, 11 и 12 (во земјава)<br>- Точки VII/2, 5, 6, 7, 9 и 13 (во странство) | 7*1,5=10,5 | 6*2=12 | 32,5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Одбранета докторска теза | 1*8=8 | | 8 |
| 11 | Одбранета магистерска работа | 1*4=4 | | 4 |
| | | | | |
| 23 | Рецензент на научен труд<br>- Точки VIII/1 и 2 | 6*1=6 | | 6 |
| | Вкупно: | **110,5** | | |
| Ред. Број | Вид активност | Поени | | Вкупно |
| | | во земјава | во странство | |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност (СА+ОР) | | | | |
| 5 | Труд во стручно списание<br>- Точки II/1, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 | | 7*6=42 | 42 |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br>- Точки II/2, 9, 12, 17, 21, 23, 25, 26, 27 и 28 (во земјата)<br>- Точки II/10, 11, 13, 14, 15, 16, 18, 19, 20, 22 и 24 (во странство) | 10*2=20 | 11*3=33 | 53 |
| 9 | Уредник на стручно списание<br>- Точка VIII/3 | | 1*5=5 | 5 |
| 13 | Учесник во научен проект<br>- Точка IV/2 (домашни)<br>- Точка IV/1 (меѓународни) | | | |
| 17 | Експертизи<br>- Точка V/2 (во земјава)<br>- Точки V/1 и 3 (во странство) | | | |
| 28 | Член на факултетски орган/комисија<br>- Точки IX/1, 2 и 3 | 3*2=6 | | 6 |
| | Вкупно: | **129** | | |
| | Вкупно: | **250.5** | | |